Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 3 став 2 Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерен оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги на ЈП Водовод и канализација –Скопје арх.бр.0202-4203/4 од 27.04.2022 година, а согласно Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-6406/1 од 29.08.2025 година и Измена и дополнување на годишен план за вработување за 2026 година со арх.бр.0302-441/1 од 27.01.2026 година и Одлуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време бр.0401-1324/1 од 25.02.2026 година, ЈП Водовод и канализација – Скопје објавува

Ј А В Е Н О Г Л А С бр.1/2026

за вработување на даватели на јавна услуга во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од група III, подгрупа 5 во ЈП Водовод и канализација – Скопје за следните работни места

1. **КДР0305А04029 Раководител на одделение за технички работи и услуги во Одделение за технички работи и услуги во Сектор за Технички работи и развој – 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- за нивото А4 - стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен (машинство, архитектура, градежништво и водостопанство);
- за нивото А4 најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда.

**Потребни работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни
- раководење и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 46,079.00 денари

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

2. **КДР0305Б01050 Самостоен Инженер во Одделение за проектирање, развој и екологија во Сектор „Технички работи и развој“- 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- за нивото Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен (Градежништво и водостопанство, машинство или електротехника);
- за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 42.062.00 денари

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

3. **КДР0305Б02093 Самостоен Техничар во одделение за приклучоци во Одделение за приклучоци во Сектор „Технички работи и развој“- 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- за нивото Б2, стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование (Средно техничко образование – градежен, машински или архитектонски техничар);
- за нивото Б2 најмалку две години работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

1. Паричен нето износ на плата 36.037.00 денари

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

**4. КДР0305Б04101 Инкасант – наплатувач во Одделение за наплата – домаќинство во Сектор Наплата – 7 (седум) извршители**

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да користи македонски јазик,
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работно место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- за нивото Б4 стекнато најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование;
- за нивото Б4 со или без работно искуство во струката.

**Потребни работни компетенции:**
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

Паричен нето износ на плата 34,029.00 денари

Распоред на работно време
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

Рокот за пријава:
Рокот за пријавување по Јавниот огласот изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.
Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието која може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а истиот е објавен и на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk.

Потполнетите пријави се доставуваат во Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје на адреса ул.Лазар Личеноски бр.9 Скопје, контакт телефон 02/3073-010 лок 357 лице за контакт Горан Михајлов.

**Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:**

1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија);
2. Уверение за општа здравствена способност (лекарско уверение);
3. Свидетелства од I до IV година средно образование (фотокопија) и диплома за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар), (за работните места под реден бр.3 и 4);
4. За работното место под реден број 1, уверение или диплома за завршено образование стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (фотокопија заверена на нотар);
5. За работното место под реден број 2, уверение или диплома за завршено образование стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен (фотокопија заверена на нотар);
6. Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
7. Доказ за работно искуство (за работното место под реден бр.1,2 и 3).

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:

Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;

Фаза 2 - Интервју

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги